Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6322 | 1 | |

15:20

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6247/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6247/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6247/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека при изборното медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во услови кога е отпочната изборна кампања, констатирано е дека постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички противници, односно за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ одвоила 4 часа 50 минути и 35 секунди (72,24%), а за Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 32 минути и 52 секунди (23,09%). За ДУИ е одвоено 10 минути и 52 секунди (2,7%), а за ДПА, која има пет потврдени кандидатски листи, издвоени се 2 минути и 32 секунди (0,63%).

Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6247/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6247/1 од 06.12.2016 година, за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамите на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин, во услови кога е отпочната изборната кампања, постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички противници, согласно член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик, односно односно за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ одвоила 4 часа 50 минути и 35 секунди (72,24%), а за Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 32 минути и 52 секунди (23,09%). За ДУИ е одвоено 10 минути и 52 секунди (2,7%), а за ДПА, која има пет потврдени кандидатски листи, издвоени се 2 минути и 32 секунди (0,63%).

Прекршокот е констатиран на детален и експликативен начин, и е изанализиран во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6247/1 од 06.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот", за член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата.

Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, преку информативните жанрови, известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции при што сочинува 6 часа 42 минути и 16 секунди (Табела 1). Од субјектите кои го имаат максималниот број од седум потврдени листи, најмногу време има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 4 часа 50 минути и 35 секунди (72,24%). Следува Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 32 минути и 52 секунди (23,09%). Од табелата се гледа дека постои квантитативен дисбаланс меѓу политичките партии. Потоа е ДУИ - 10 минути и 52 секунди (2,7%), а за Коалицијата ВМРО за Македонија нема извештаи. За ДПА, која има пет потврдени кандидатски листи, издвоени се 2 минути и 32 секунди (0,63%), а за другите два субјекти со по пет листи - Либерална партија и Левица нема информации во вестите. Кај субјектите со по четири листи - за Беса има 2 минути и 49 секунди (0,7%), за Коалицијата Алијанса за Албанците (Унитети, ДПА-ДР и НДП) има 2 минути и 36 секунди (0,65%). Не е известувано за активностите на Коалицијата за промени и правда која има шест кандидатски листи и за ПДП, која има една листа.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:20 | 84,72 % |
| Влада на РМ | 00:01:50 | 7,64 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:50 | 7,64 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:24:00** | **100 %** |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| ДИК и други органи | 00:04:33 | 3,04 % |
| Други субјекти | 00:54:14 | 36,24 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:16 | 3,52 % |
| Граѓански сектор | 00:10:10 | 6,79 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:04:11 | 2,80 % |
| Експерти/аналитичари | 00:56:53 | 38,01 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:57 | 0,63 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:00:57 | 0,63 | % |
| Без субјекти | 00:02:32 | 1,69 | % |
| Привремена комисија | 00:04:06 | 2,74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:51 | 3,91 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:29:40** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:32:52 | 23,09 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 04:50:35 | 72,24 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:52 | 2,70 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:02:36 | 0,65 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:32 | 0,63 | % |
| Беса | 00:02:49 | 0,70 | % |
| **Вкупно за тема:** | **06:42:16** | **100** | **%** |

Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ добила најмногу време и за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови емитувани во Обсервер на Нова во 19 и 22 часот во првите десет дена од кампањата – 2 часа 11 минути и 36 секунди (50,33%). Сите други субјекти, имаат по помалку од еден час (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:11:36 | 50,33 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:03 | 1,17 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:41:05 | 15,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:57 | 0,36 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:44 | 1,05 | % |
| Други субјекти | 00:17:27 | 6,67 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:18 | 1,64 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:39:42 | 15,18 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:13:04 | 5,00 | % |
| Беса | 00:02:05 | 0,80 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:09 | 0,82 | % |
| Привремена комисија | 00:01:41 | 0,64 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:36 | 0,61 | % |
| | **Вкупно: 04:21:27** | **100** | **%** |

Со оглед на изнесеното, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека постои прекршување по основ на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е повторен, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________